# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 20.02.2026 ГОДИНА<br>БРОЈ 2 ГОДИНА 2026<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ<br>ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 20.02.2026 година.

2. Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-274/2
20.02.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

# Програма

# за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Кривогаштани за 2026 година

Изработил: Одделение за комунални дејности и ЛЕР

Февруари 2026

**ОПШТО**

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести Советите на општините, а по претходно мислење на надлежниот ЈЗУ Центар за јавно здравје на подрачјето на кое е основан, донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.

Со оваа програма се уредуваат

- Општите мерки,
- Активностите,
- Извршителите,
- Роковите
- Изворите на финансиски средства за нивна реализација за 2020 година

Законска регулатива:

- Член 12 и 14 став 2 и 3 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. Весник на Р. Македонија, бр 66/04, 139/08, 99/09 и 86/2011).
- Член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.Македонија бр.5/02).
- Член 22 точка 4 и 9 и член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02).

**Трансмисивни инфективни заболувања и епидемиолошки карактеристики**

- **Вирус од западен Нил (WNF)-** е арбовирус од фамилијата Flaviviridae. Од вирусот можат да заболат луѓето, птици, комарци, коњи и други цицачи. Вирусот го пренесуваат комарци. Резервоар на вирусот се заболени птици, коњи и др. па преку цицање на крв од заразено животно и со убод на човекот вирусот се пренесува на новиот домаќин. Вирусот за прв пат е изолиран во 1937 год. во областа Уганда на сливот на реката Западен Нил и се до 1999 год се ширел во Африка, Блискиот Исток и Азија. Во 2000 година големи епидемии се јавиле во Романија, Италија, Русија и други европски држави. Во денешно време западно нилската треска е регистрирана скоро во сите Балкански држави а неколку случаеви официјално се докажани и во Р. Македонија. Клиничката слика кај Западно нилската треска варира од асимптоматска форма до невролошки тешки заболувања.Болеста може да се развие во три форми и тоа:
- -Асимптоматска форма -кај околу 80% од инфицираните
- -Лесна клиничка слика како грип-кај околу 20% од инфицираните
- -Неуроинвазивна форма-кај околу 1% од инфицираните
- После 2 до 14 дена од инфицирањето се развиваат симптоми слични на грип како што е главоболка, малаксалост, повраќање, оток на лимфни жлезди, а само кај еден од 150 инфицирани може да се развие тешка форма со енцефалитис, менингитис, парализа.

- **Лајмска болест (Lyme Borreliosis)-** е бактериско заразно заболување од типот на природно-огнишни заболувања. Болеста е предизвикана од Borreliaburgdorferi, микроорганизам од класта Spiroheti. Агенсотопстојува во некои ситни глодари, птици и многу често во срни и елени. Во природата помеѓу животните бактеријата се пренесува преку крлежи, а заразените крлежи преку убод го пренесуваат инфективниот агенс на човекот. Болеста има три стадиуми: ран локализиран стадиум кој е карактеристичен со ефлоресценција на местото на убодот наречено "око на бик", исип наречен erythema migrans, симтоми слични на грип како што се температура, треска, зголемување на лимфните жлезди, ран десиминиран стадиум (кога борелијата се десиминира во организмот) и доцен перзистентен стадиум, со симптоми од кардиоваскуларен и централен нервен систем. Во период од 2001-2011 пријавени се вкупно 27 заболени од Лајмска болест Р.Македонија.
- **Лајшманиоза (Leishmanisicutanea/visceralis)**
  Предизвикувач на лишманијазата е протозоа од фамилијата Tripanosomidae. Ги има неколку видови и тоа: Leishmaniatropica, Leishmaniinfantum, кои ги има во Р. Македонија и Leishmaniamajor, Leishmaniaaeititorpca и други. Резервоар и извор на заразата можат да бидат луѓето и некои видови на животни како што се диви глодари, месојади, домашни кучиња и непознати домаќини. Пренесувањето на заболувањето настанува преку убод од флеботомус, кога тој цица крв од човекот. Според локализацијата се разликуваат два типа на заболување и тоа висцерална лајшмаијаза, инаку уште позната како Кала азар и кожна лишманијаза позната како ориентален пришт. Висцералната лишманијаза е системска болест која се карактеризира со ирегуларни тепмератури, хипохромна анемија, голема спленомегалија и кахексија. Кожната лишманија започнува како папули која во почетокот е безболна а потоа се отвараат и се претвараат во болни чиреви. Лајшманиозата како заболување е регистрирана во повеќе од 90 држави во светот, а се регистрира и во Македонија. За период од 2001-2011 година во Македонија се регистрирани 76 заболени.
- **Конго-кримска хеморагична треска**-е акутно вирусно заболување. Се работи за природноогнишно заболување кое се пренесува преку крлежи. Резервоар на заразата се дивите животни и птиците.Основен пат на пренос е трансмисивниот, а се оствaува преку каснување од крлеж (околу 90% од регистрираните случаеви). Може и преку контактен пат преку крвта на болните кога вирусот во новиот организам навлегува преку повреди и микроповреди на кожата и слузокожата. Контактниот пат може да се оствари и преку свежо контаминирани предмети. Болеста се карактеризира со висока температура, главоболка, болки во крстот и екстремитетите, општа интоксикација, хеморагичен егзантем, хеморагии во внатрешните органи и леталитет е висок до 70%. Најчесто ова заболување се јавува во ендемски жаришта на голем број земји во Азија, Африка, Европа и Јужна Америка. Во Македонија во 2010 година е пријавен еден случај на Конго-кримско хеморагична треска.

- **Маларија**-е акутно заразно заболување предизвикано од паразит наречен Plasmodium. Маларијата е антропозооноза и од неа боледува само човекот. Единствен резервоар и извор на заразата е човекот, кој може да биде извор на зараза во текот на болеста и како гаметоносител, односно само тогаш кога во крвотокот му циркулираат гаметоцити. Маларијата е вектор преносливо заболување и се пренесува преку комарци од родот Anopheles кои ги има во Р. Македонија. Болеста ја пренесуваат само женските комарци го пренес при убод и хранење со крв од човекот. Инкубацијата трае од 10 до 23 дена. Клиничката слика се карактеризира со јака главоболка проследена со треска и нагло покачување на температурата до 41°, следена од болки во грбот и под десниот ребрен лак. Нападот трае околу 10 часа и го следи профузно потење и општа слабост. Можно е да се јави и жолтица дромботични манифестации на ситни капилари не само на кожата туку и во сите витални органи. Пароксизмите траат и до две недели. Дијагнозата се поставува со правење размаска и земање на крв за густа капка. Маларијата е ендемска болест на јужната хемисфера, но инцидентни импортирани случаеви на ова заболување се регистрираат во Европа и во Р. Македонија. Од 2001 година до денес во Македонија се регистрирани 9 импортирани случаи од кој еден е со смртен исход.
- **Q-треска**- е зоо-антропоноза предизвикана од еден вид рикеции.Се пренесува преку неколку патишта на пренос и тоа: аероген пат со вдишување на контаминирана прашина, алиментарен пат преку консумирање на неварено или непастеризирано млеко, контактен пат при работа со болен добиток и трансмисивно преку крлежи инфицирани од диви и домашни животни. Клиничката слика се карактеризира со треска, главоболка, малаксаност и потење, проследено со сува кашлица; крвава експекторација и болки во градниот кош. Болеста се регистрира во целиот свет. Во Македонија од 2001-2011 регистрирани 76 заболени.
- **Денга (денга хеморагична грозница) -**е акутно инфективно тропско заболување, предизвикано од вирус. За природен резервоар на денгата се сметаат некои видови на мајмуни. Болеста помеѓу мајмуните се пренесува преку комарци. Извор на заразата покрај мајмуните и комарците во урбаните средини е и инфицираниот човек. По инфицирањето комарецот останува инфективен за целиот свој неколку месечен живот. Човекот е извор на заразата кусо време пред почетокот на болеста и 3-4 дена од фебрилната фаза. Вектори на ова заболување се комарците од родот Aedesaeqypti, Aedebromeilise, Aedesafricanus. Денгата се јавува во две форми и тоа како Денга треска и Денга хеморагична треска која се карактеризира со тромбоцитопенија, крварења и шок. Симптомоте на денгата се високатемпература, слабост, потење, гадење, повраќање, брадикардија и петихијален исип. Секоја година во светот 50 милиони луѓе се инфицираат со денга треска а кај 30.000 болеста завршува летално. Денга болеста е ендемична во Африка, Америка,

Југоисточна Азија, Ззпаден Пацифик и во Источниот Медитеран Досега во Р. Македонија нема пријавен случај.

- **Чикунгунија (Chikungunya)** - заболување кое се шири преку каснување пред се од страна на „тигрестиот комарец„ - Aedesalbopictus кој веќе е ендемичен во Р.Албанија, Хрватска и Грција но согласно истражувањето за негово присуство во Р. Македонија кое е спроведено во 2010 не е утврдено присуство на истиот. Извор на заразата е човекот и некои видови на мајмуни. Преставува вирусно заболување кое се карактеризира со висока температура до 40°, општа омалаксаност, главоболка, петихијални крварења по кожата, болки во зглобови кои продолжуваат и до неколку месеци. Во Р. Македонија нема регистрирани случаеви.

Општите мерки за заштита на населението од заразни болести се однесуваат на:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;

2. Отрстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина;

3.Обезбедување санитарно – технички и хигиенски услови во јавни објекти: предучилишни и училишни установи, други јавни објекти, средства за јавен сообраќај и јавни места.

4. Обезбедување на превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението – (дел од овие активности се во Програмата за социјална заштита);

5. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на јавни објекти, предучилишни и училишни установи, населени места и јавни површини;

**Општа мерка 1**

## Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување.

Безбедна вода за пиење е вода која не содржи микроорганизми, паразити и нивни развојни форми во број кој претставува опасност по здравјето на луѓето, како и отсуство на супстанци во концентрации кои сами или заедно со други супстанции претставуваат опасност по здравјето на луѓето.

*Опис на водоснабдителните објекти, односно на кој начин населението се снабдува со вода*

- Снабдувањето со вода е целосно решено во населените места: Кривогаштани, Славеј, Врбјани, Крушеани, Подвис, Кореница и Годивле.

Делумно е решено во населените места: Боротино. Обршани, Бела Црква, Воѓани и Пашино Рувци.

| *Ред. број* | *Населено место* | *Решено водоснабдување* |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| ***1*** | ***Кривогаштани*** | *Целосно - приклучок на општински водоснабдител систем Кривогаштани* |
| ***2*** | ***Крушеани*** | *Целеосно - приклучок на општински водоснабдител систем Кривогаштани* |
| ***3*** | ***Обршани*** | *Делимично; изградена мрежа, нема куќни приклучоци- планиран приклучок на општински водоснабдителен систем Кривогаштани* |
| ***4*** | ***Пашино Рувци*** | *Делимично; изградена мрежа, потребни се интервенции на шахти и нема куќни приклучоци- планиран приклучок на општински водоснабдителен систем Кривогаштани* |
| ***5*** | ***Бела Црква*** | *Делимично; изградена мрежа, нема куќни приклучоци- планиран приклучок на општински водоснабдителен систем Кривогаштани* |
| ***6*** | ***Воѓани*** | *Делимично; изградена мрежа, нема куќни приклучоци- планиран приклучок на општински водоснабдителен систем Кривогаштани* |
| ***7*** | ***Годивле*** | *Целосно; приклучено на "Студенчица" има проблем во летен период* |
| ***8*** | ***Боротино*** | *Делимично; не се изградени сите куќни приклучоци - приклучок на општински водоснабдителен систем Кривогаштани* |
| ***9*** | ***Врбјани*** | *Целосно - приклучок на општински водоснабдител систем Кривогаштани* |
| ***10*** | ***Славеј*** | *Целеосно; приклучок на општински водоснабдител систем Кривогаштани* |
| ***11*** | ***Кореница*** | *Целосно; приклучено на "Студенчица" има проблем во летен период* |
| ***12*** | ***Подвис*** | *Целосно; приклучено на "Студенчица"* |

*(Табела1Водоснабдување)*

Надлежност: ЈП ,,Пелагонија,,Кривогаштани

Активности:

*- Хлорирање на водата*

За населените места кои со вода се снабдуваат од општинскиот водоснабдителен систем, хлорирањето на вода се врши во пумпната станица во с. Славеј. Хлорирањето се врши со директно уфрлање на резидуален хлор во пумпниот систем при работа на пумпите.

За населените места кои со вода се снабдуваат од Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица„ хлорирањето се врши во хлорна станица кај с. Дебреште и за истото е одговорно ЈКП Долнени, општина Долнени.

Квалитетот на водата се испитува секој месец преку центарот за јавно здравје Прилеп. По потреба квалитет ќе се проверува и повеќе пати во текот на месецот.

Од страна на ЈЗУ-ЦЈЗ Прилеп континуирано, по однапред определен распоред ќе се земаат и анализираат примероци на вода за пиење, согласно Националната програма за јавно здравје наРСМ за 2022. Примероците ќе се земаат од водоснабдителните објекти кои се наменети за Јавново доснабдување на населението, како и од основните училишта кои припаѓаат на Општина Кривогаштани. Земените примероци на Вода за пиење ќе се анализираат на Основен Физичко-хемиски и Основен микробиолошки преглед, согласно Правилник за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.весник на РМ, бр.183 од 02.10.2018г.). Резултатите по пошта се доставуваат до Градоначалникот на Општина Кривогаштани. Фреквенцијата на земање примероци ќе е во согласност Националната програма и правилникот за безбедност на водата, а исто така ќе зависи и од актуелната хигиено-епидемиолошката состојба во одредено населено место и видот на водоснабдување. Зголемување на бројот на земени примероци по барање на Општина Кривогаштани ќе биде предмет на дополнителен договор со ЦЈЗ Прилеп. Стручните служби на ЦЈЗ Прилеп ќе вршат и увиди на водоснабдителните објекти, од самото извориште до корисниците, согласно Националната програма за јавно здравје.
На секои 6 месеци се прави детална анализа на квалитетот на водата со носење на примероци од вода во Министерство за здравство во Скопје.

-Контакт лице: Милорад Здравкоски 072 476 686 - ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани.

Во населените места каде сеуште нема изградено куќни приклучоци снабдувањето со вода се врши од индивидуални бушени цевасти бунари. Центарот за Јавно здравје Прилеп зема по еден до два примероци од населено место и за тоа ја известува општината. Доколку водата е неисправна за пиење општината го извесува сопственикот и корисник на индивидуалниот бунар.

При констатација за неисправност на вода за пиење сите потребни активности согласно законските прописи ќе ги превземе ЈП Пелагонија.

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење согласно Правилникот за безбедност на вода (член 25), според кој ако се утврди дека водата не е безбедна за пиење, ЈКП Водовод и канализација треба:

- Да го прекине или ограничи испорачувањето на водата.
- Поставување натпис Водата не е за пиење.
- Да ги извести потрошувачите и да им даде соодветни препораки.
- Да ја детектира причината за загадувањето , во соработка со надлежните институции.
- Да се спроведат итни мерки за отстранување на загадувањето.
- Доколку прекинот во испорачувањето на вода е подог од 24 часа, ЈКП треба да обезбеди снабдување на населението со вода на друг начин.

Извор на финансирање за реализација на мерката : - ЈП,, Пелагонија,,-Кривогаштани

- Рок на реализација: континуирано во текот на 2026 година

**Општа мерка 2**

## Отстранување на отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина

**Цел на мерката**

- Заштита на населението и на животната средина со отстранување на отпадните води, согласно законските прописи.
- Собирање на комуналниот смет од домаќинствата за обезбедување на здрава и чиста животна средина.
- Заштита на вработените на Јавните комунални претпријатија, кои во својата работа се изложени на опасност заради контакт со отпадни води и комунален смет, со што би се спречило првенствено настанување, а потоа и ширење на заразни болести.

**ОПИС НА СОСТОЈБА**

**Начин на дистрибуција на отпадните води , тврдиот и течниот отпад;**

- *Отпадни води*

Одведувањето и третманот на отпадните води е решен во Кривогаштани (околу 90%) и с. Славеј (околу 60%). Во населеното место Славеј потребно е да се доградат уште три краци од канализационата мрежа и да се направат куќни приклучоци. Во с. Крушеани има изграден дел од канализационата мрежа но сеуште нема приклучоци на истата.

Во тек е изградба на канализациона мрежа с. Бела Црква и Воѓани

Со канализационата мрежа управува и стопанисува ЈП Пелагонија-Кривогаштани.

Во сите населени места каде нема изградена канализациона мрежа отпадните води се испуштаат дел во отворени канали, дел се спроведуваат во септички јами.

Согласно законската регулатива и Одлуката за комунален ред на општина Кривогаштани, во населените места каде нема изградено канализациона мрежа, отпадните води мора да се спроведуваат во септички јами. Чистењето на септичките јами го врши јавното комунално претпријатие кое има соодветна цистерна за чистење на септички јами. Отпадните води од цистерната се испуштаат во пречистителната станица во Кривогаштани.

Согласно законските прописи, отпадните води од домаќинствата се спроведуваат во канализационата мрежа или во септички јами ( за населените места каде нема изградена канализациона мрежа). Во неселените места во општината има изградени септички јами но има случаи кога отпадните води се испушатаат во отворени канали за спроведување на атмосферски води. Ваквите појави се решаваат со инспекциски надзор и поведување на постапки.

-Контакт лице: Милорад Здравкоски 072 476 686 –ЈП ,,Пелагонија,,Кривогаштани

Извор на финансирање за реализација на мерката :

- Ј,,Пелагонија,,Кривогаштани

-Буџет на ЕЛС Кривогаштани

- Рок на реализација: континуирано во текот на 2026 година

-*Собирање на смет*

Собирањето на комуналниот отпад е надлежност на јавното комунално претпријатие Пелагонија-Кривогаштани.

Собирањето на комунален отпад од страна на јавното комунално претпријатие е организирано само во сите населените места во општината со канти за смет и контејнери со запремина од 1,1м3.

Извор на финансирање за реализација на мерката : ЈП,,Пелагонија,,-Кривогаштани
Контакт лице: Милорад Здравкоски 072 476 686 –ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани

- Рок на реализација: континуирано во текот на 2026 година

**Општа мерка 3**

**Обезбедување санитарно – технички и хигиенски услови во јавни објекти и предучилишни и училишни установи.**

**Цел на мерката**

- Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.
- Следење на здравствена состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливата група - децата.
- Создавање здрави поколенија преку континуирано следење на здравствената состојба на учениците и нивнта аимунизација согласно Правилникот за задолжителна имунизација во Р. Македонија.
- Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во предучилишните и училишните установи во овластена установа на ДДД, а се со цел создавање на безбедна средина.

ОПИС НА СОСТОЈБА

-На ниво на Општина Кривогаштани има две општински основни училишта и тоа: ООУ “Манчу Матак” во с. Кривогаштани кое во својот состав има пет подрачни училишта во населените места: Славеј, Врбјани, Крушеани, Годивле и Подвис, и другото е ООУ “Јонче Смугрески” во с.Обршани кое во својот состав има две подрачни училишта во населени места Боротино и Бела Црква.

-Во с. Кривогаштани има исто така и Јавна општинска установа за деца – Детска Градинка Весело Штркче која во нејзин состав се во фаза на отварање на Детска градинка во с. Обршани и Центар за ран детски развој во с.Бела Црква

-Капацитет на јавните установи

-ООУ Манчу Матак Кривогаштани: 226 ученици

- ООУ Јонче Смугрески Обршани: 160 ученици

-ЈОУДГ Весело Штркче Кривогаштани: 32 деца

Број на вработени:

Во ООУ Манчу Матак Кривогаштани: 52 вработени

Во ООУ Јонче Смугрески: 39 вработени

Во ЈОУДГ Весело Штркче: 35 вработени

Активности:

-Секоја установа ќе формира Комисија за следење на заразните заболување и ќе се определи лице за секоја од нив.

Одговорни лица за секоја од установите:

За ООУ Јонче Смугрески- контакт лице Виолкета Палеска тел. 075 267 721

За ООУ Манчу Матак- контакт лице Даниела Мицеска тел.076 851 245

За ЈОУДГ Весело Штркче- контак лице Стефани Гагоска тел.078 800 211

Погоре наведените лица се одговорни и за состојбата со примените вакцини на децата.

- Установите ќе спроведат и редовна дезинфекција и ќе соработуваат со овластена установа за ДДД

Контакт лица:

За ООУ Јонче Смугрески контак лице Виолета Палеска тел. 075 267 721

За ООУ Манчу Матак контак лице Даниела Мицеска тел.076 851 245

За ЈОУДГ Весело Штркче контак лице Стефани Гагоска тел.078 800 211

-Вработените лица во наведените установи ќе имаат редовен годишен системастски преглед согласно законските прописи.

Контакт лица:

За ООУ Јонче Смугрески контак лице Виолетка Палеска тел. 075 267 721

За ООУ Манчу Матак контак лице Даниела Мицеска тел.076 851 245

За ЈОУДГ Весело Штркче контак лице Стефани Гагоска тел.078 800 211

Активности:

Сите јавни установи во текот на 2026 година редовно ќе ги спроведуваат следните активности:

**Поради актуелната состојба сезонските вируси во сите наведени установи максимално ќе се почитуваат пропишаните протоколи од страна на Министерството за здравство кои се однесуваат заштита од заразување на вработените и учениците**.

Покрај спроведување на мерките за заштита од **вируси пропишани од комисијата за заразни болести на РСМ ,** редовно ќе се спроведуваат и активностите:

-Одржување на беспрекорни хигиенски услови со цел спречување на настанување и ширење на заразни болести.

-Следење на здравствена состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливата група - децата, преку вршење на здравствено-хигиенски прегледи на лицата задолжени за истите.

-Создавање здрави поколенија преку континуирано следење на здравствената состојба на учениците и нивнта аимунизација согласно Правилникот за задолжителна имунизација во Р. С.Македонија.

-Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во предучилишните и училишните установи во овластена установа на ДДД, а се со цел создавање на безбедна средина.

Извор на финансирање за реализација на мерката : буџет на јавните установи

Рок на реализација: континуирано во 2026 година

**Општа мерка 4**

## Обезбедување на превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

**Цел:**

Промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку здравствена едукација на децата во основните училишта на територијата на општината.

**Активности**

Општина Кривогаштани поддржува промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку здравствена едукација на децата во основните училишта на територијата на општината.

Во рамките на своите можности, општина Кривогаштани планира да ја интензивира соработката со Одделот за здравствена едукација при ЈЗУ Центар за јавно здравје-Прилеп.-одделение за социјална медицина со организација на здравствена заштита. Преку ова одделение ќе се спроведува здравствена едукација на целокупното население на подрачјето на општина Кривогаштани. Здравствената едукација се однесува на промоција на здрави животни стилови и превенција на хронични незаразни заболувања кое ги опфаќа темите: здрава исхрана, здрави училишни оброци, физичка активност, лична хигиена и орално здравје, сексуално и репродуктивно здравје, превенција на дијабет, превенција на малигни заболувања, превенција на кардиоваскуларни заболувања, превенција на болести на зависност, превенција на насилство.

Период на реализација континуирано2026 година

Контакт лице: Дејан Киселоски: 078 308 964

**Општа мерка 5**

**Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други хигиенско-технички мерки на јавни објекти, предучилишни и училишни установи, населени места и јавни површини.**

1. Задолжителна превентивна дезинфекција и дератизација ќе се изврши на јавните објекти :
   - Општинск зграда-Кривогаштани
   - Зграда на ПП единица

Извор на финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани

Дезинсекција и дератизација на јавни површини ќе се врши во сите населени места согласно: Програма за спроведување на превентивна систематска дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Кривогаштани за 2025 година.

Прилог: Програма за спроведување на превентивна систематска дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Кривогаштани за 2026година

Контакт лице: Александар Маџароски 078 260 206

**Општина Кривогаштани**

# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА СИСТЕМАТСКА ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ЗА 2026 ГОДИНА



Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести, "Сл.Весник на Република Македонија" бр.66/24 како и законите за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести,,Сл.весник на Р.М.', бр.139 од 2008 год,бр.99/2009 и бр.86/2011)

**член 40-Задолжителна е дезинсекција на населени места при појава на инсекти или опасност од појава на заболувања кои се пренесуваат со инсекти.**

**За дезинсекција и дератизација на населбите и нивната околина надлежни се општините и градот Скопје, кои ги изведуваат со стручна и техничка помош на Центрите за јавно здравје и други правни лица кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на него (член 42).**

Единиците на локалните самоуправи и градот Скопје задолжени се да спроведуваат превентивна дезинсекција и дератизација на својата територија,за таа цел неопходно е Градоначалникот и Советот на ЕЛС да донесат одлука и обезбедат финансиски средства за спроведување на овие процеси.

**Програмата за спроведување на превентивна дезинсекција и дератизација е подготвена согласно стручното мислење доставено од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Прилеп број 11-50/1 од 23.01.2026 година.**

## ДЕЛ 1

## ДЕЗИНСЕКЦИЈА

### 1.Вовед

Како резултат на светските економски трендови и климатските промени,постои можност за интензивно распространување на векторите, а со тоа и зголемување на бројот на заболени лица од инфективни заболувања кои се пренесуваат преку вектори. Вектори кои пренесуваат инфекции на луѓето се членконоги или цицачи вклучувајќи ги и глодарите. Членконогите вектори како што се комарците и крлежите се ладнокрвни и се особени чувствителни на климатските фактори. Меѓу болестите кои се пренесуваат преку вектори има и такви кои се регистрираат во Р. Македонија како што се Лајмската болест, Треска од западен Нил, Лајшманиоза, Маларија , Хеморагични трески и други кои во иднина преставуваат закана и има голема можност да започнат да се регистрираат во Р. Македонија. Поради тоа потребно е превентивно да се превземаат соодветни мерки со цел нивно спречување, а бидеќи се работи за трансмисивни заболувања (вектор преносливи болести) нашите напори пред се треба да се насочат кон уништување на векторите и едукација на населението за соодветна лична заштита, но и јакнење на здравствените капацитети за навремена дијагнистика и соодветно лекување.

Превентивната дезинсекција преставува планирана, систематска и долгорочна мерка која бара интерсекторска соработка на поголем број на институции, а има единствена цел намалување на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција,како и спречување на растот, развојот и размножување на инсектите кои преставуваат вектори на голем број заразни болести, делуваат вознемирувачко но исто така предизвикуваат и алергиски реакции. Дезинсекцијата се спроведува со примена на механички, физички, биолошки, хемиски методи и средства кои се еколошки прифатливи и на начин кој неовозможува да се доведе во опасност здравјето на населението и животните како и на корисните инсекти.

Општина Кривогаштани во соработка со Центарот за јавно здравје - Прилеп оваа програма за сузбивање на комарците на територијата на Општина Кривогаштани ја изготви врз база на спроведените стручни извидувања на терен, во текот на кои следени се параметри неопходни за проценка на моменталната состојба во однос на овие штетници и условите кои го помагаат нивниот раст, развој и размножување.

**2.Морфологија и здравствено значење на комарците**

Најголемо значење од сите инсекти имаат комарците и тие претставуваат предмет на третман при спроведевање на дезинсекционите постапки.

Во Република С.Македонија најголемо значење имаат комарците од родовите : Anopheles maculipennis,Aedes и Culex. Anopheles е комарецот кој е вектор на маларијата.

**Состојба со комарците**: Со ентомолошките испитувања извршени во Р.Македонија, а во согласност со критериумите како што тоа ги предвидела Светската здравствена организација (СЗО), во периодот од ***1960-1971*** год., во ендемските подрачја во скопскиот, струмичкиот, титовелешкиот и гевгелискиот регион утврдено е доминација на ***Anopheles maculipennis var. typicus***(1). Анализите од мониторингот на комарците во ***2010 год***. во Р.Македонија, покажаа дека се јавуваат ***51 вид на комарци од фамилијата на Culicidae***. Во тек на теренските истражувања биле регистрирани вкупно ***7 видови комарци****: Anopheles maculipennis, Ochlerotatus hungaricus, Ochlerotatus geniculatus, Culex mimeticus, Culex tritaeniorhynchus, Culex martinii, Orthopodomyia pulchripalpis* (2). Во 2016 г.се направени ентомолошки истражувања во јужниот и југоисточниот регион на Р.Македонија со кои се докажа присуство на **инвазивен комарец т.е. Азискиот тигрест комарец (Aedes albopictus)** .Со ова докажување сега квалитативниот состав на комарците во Р.Македонија се зголемува за уште еден вид.

**3.0пштина Кривогаштани-општи информации**



Општина Кривогаштани се наоѓа во горниот северо-западен дел од најголемата рамница во Р.Македонија Пелагонија. Има 13 населени места и 6.150 жители. Вкупната површина изнесува 93,57 км$^2$. 0пштината се наоѓа на надморска висина од 610 метри. Климата е умерено континентална. Просечните врнежи во текот на годината се движат од 700 до 900 милиметри на метар квадратен. Во однос на водениот потенцијал Општина Кривогаштани не располага со голем воден фонд, низ мал дел од општината поминува Црна река а има и неколку помали реки кои во текот на летниот период пресушуваат. Бидејќи се работи за рамница и Општина во која главна дејност е земјоделието, постојат голем број на одводни канали кои најчесто не се исчистени и при поголеми врнежи се излеваат и формираат блата кои се идеални услови за размножување на комарците. Исто така проблем во одредени села е и постоењето на септички јами бидеќи нема соодветна канализациона мрежа.




**Мапирање на водени површини**



Локација: с. Годивле, П= 0,5ха



Локација: Кривогаштани, м.в.Ливадски пат, П=0,5ха



Локација: Кривогаштани, покрај ул Никола Карев, (1=0,5ха)



Локација: Кривогаштани, м.в.Крајни Рид, П= 1ха



Локација: Врбјани, П= 2ха



Локација: Врбјани, Река Блато, П= 2ха



Локација: Старо Блато, Кривогаштани, П= 1ха



Локација: Пречистителна станица П=1ха



Локација: с. Крушеани, П= 2ха



Локација: с. Бела Црква, старо блато, П= 1ха



Локација: с. Обршани, П= 1ха



После спроведеното мапирање на водените површини потеребно е изработка на картографска карта на Општина Кривогаштани во која ќе бидат одбележани сите критични места т.е површини каде има идеални услови за раст; развој и размножување на комарците како и дадени објаснувања за видот и динамиката на спроведување на дезинсекционите процеси.

Вкупна површина за ларвицидна дезинсекција изнесува 7,5 ха

Адултицидна дезинсекција ќе се врши во населените места: Кривогаштани, Врбјани, Славеј, Крушеани, Обршани, Пашино рувци, Бела Црква, Воѓани, Боротино, , по течениeто на Река Блато, Пречистителна станица, резервоар и околината на мапираните мочуришта.

Вкупна површина за адултицидна дезинсекција изнесува 350 ха.

**4.Сузбивање на комарци и нивните развојни облици**

Планираното сузбивање на комарците преставува долгогодишно систематско и организирано спроведување на низа мерки и активности со цел редуцирање на густината на популацијата, а со тоа и одржување на стабилна епидемиолошка состојба во однос на појавата на вектор преносливите заболувања.Спроведувањето на дезинсекцијата е комплексен процес кој не подразбира само користење на хемиски супстанции за уништување на комарците. Сузбивањето на комарците се спроведува на четири нивоа при што постојано треба да се води грижа за зачувувањето на биолошката различност на одредено подрачје. **Санационии мерки**- имаат за цел и се темелат на намалување или отстранување на условите за раст и размножување на комарците. Тоа подразбира затрупување на мочуришта и блата, обезбедување проточност на водата, правилна диспозиција на цврстиот отпад, редовно косење на зелените површини, чистење на олуците како не би се задржувала водата и други хигиено- технички мерки.

**Рок**- во текот на годината

**Извршител**- Локална самоуправа Кривогаштани

**Здравствена едукација на населението**- од страна на Центарот за јавно здравје редовно ќе се информира населението за вектор преносливите заразни заболувања (преку учество на локална телевизија,радио,весници) изработка на информативно-

едукативни летоци, брошури и флаери. Непосредната комуникација на терен со местното население е важна со цел подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и отстранување на леглата на комарци.

**Рок**- во текот на годината

**Извршител**- ЦЈЗ-Прилеп

**Евидентирање (мапирање)** на сите стоечки води,бари,канали,речни корита на територијата која ја покрива.

**Рок-** Јануари-Март

**Извршител**- Локална самоуправа и ЦЈЗ

**Биолошки мерки за сузбивање на комарците**- ефикасни резултати се постигнуваат (онаму каде што е можно) со користење на предатори на ларвите на комарецот како што е малата риба Gambusia holbrooki најчесто во езера при што се зачувува животната средина и биолошката разновидност. Примената на биоцидни производи како што е Bacilusthurigiensisvar israelensis во форма на течност, прашак или гранули.

**Хемиски мерки за сузбивање**

**А)**примена на регулатори на растот кои ги има во форма на гранули се користат за чисти води и не се штетни за останатите видови на животни.

**Б)**Ларвицидни инсектициди кои имаат за цел да го нарушат развојниот стадиум на комарецот т.е делуваат на ларвената форма, при што спречуваат развивање на зрели адултни комарци.Постојат ларвицидни инсектициди во форма на течност, гранули, прав а во однос на апликацијата можат да се распрскуваат или рачно расфрлаат во водените површини. Ларвицидните инсектициди имаат исклучително висок ефект, многу е полесна апликацијата и не го нарушуваат биодиверзитетот. За да може да се користи одреден ларвициден инсектицид потребно е за истиот да има дозвола од министерството за здравство.

**Ц**)Адултицидна дезинсекција- може да се спроведува како резидуално прскање во затворени објекти или како ладно/топло замаглување од земја при третман на поголеми површини. Претставува сложена акција која има за цел уништување на адултните форми на комарецот и дезинсекција која бара голема внимателност во однос на дозирањето на средството како и личната заштита на изведувачите и месното население. Има далеку помал ефект од ларвицидната дезинсекција. Инсектицидот задолжително треба да има дозвола од Министерството за здравство за употреба.

**5.Динамика и начин на спроведување на активностите**

За да се постигни значаен ефект при спроведување на дезинсекцијата неопходно е постојано и континуирано следење на состојбата на теренот, при што треба да се земат во предвит сите биолошки, хидрометеоролошки и еколошки карактеристики на површините каде што ќе се спроведуваат третирањата. Потребно е на територијата на Општина Кривогаштани да се спроведат два вида на третирање и тоа:

-**Ларвицидната дезинсекција** ќе се изведува од месец Април па се до месец Септември според претходно утврдена динамика во зависност од степенот на инфестираност на комарци.Проценката и увидите ќе ја врши стручната служба при Центарот за јавно здравје.

**Средство за ларвицидна дезинсекција** - ќе се користи ларвицид во форма на гранули или течност на база на **s-methoprene.**

**Техника на изведување**- рачно расфрлање и распрскување со УЛВ метода на места со стоечки води

**Површини за третирање**- ќе се третираат површини и места каде има застојни води и површини кои ќе бидат договорени согласно финансиската конструкција и тековниот оперативен план договорен помеѓу локалната самоуправа и изведувачот на дезинсекцијата.

**-Адултицидна дезинсекција**-ќе се изведува во неколку наврати во месеците Мај, Јуни, Јули и Август.

**Динамика на третирање**- спрема тековен оперативен план.

**Средство за адултицидна дезинсекција**- ќе се користи инсектицид Aqua Q-othrinesc 25 со активна супстанца deltamethrin 20gr/lit .

**Техника на изведување**-третирањата се спроведуваат со апарат за УЛВ ладно замаглување.

**Површини за третирање**- површина договорена со тендерска постапка.
Изведувачот на постапките дава писмено соопштени до:

-државен санитаерн и здравствен инспекторат за времето,начинот и средството за изведување на превентивна дезинсекција

-средствата за информирање неколку дена пред започнување на постапката со цел информирање на населението за времето и местото на третман.

-здружението на пчелари со цел превземање на неопходни мерки за заштита на пчелите.

-доставува извештај до надзорниот орган за спроведените активности

-издава санитарна потврда за ДДД услуга

-континуирано ја следи состојбата со инфестацијата на комарци на територијата на општина Кривогаштани.

## ДЕЛ 2

## ДЕРАТИЗАЦИЈА

**Законска регулатива**

Согласно законот за заштита на населението од заразни болести, “Сл.Весник на Република Македонија“ бр.66/24 како и законите за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести,Сл.весник на Р.М.' бр.139 од 2008 год,бр.99/2009 и бр.86/2011

**Вовед**

Во секое населено место уништувањето и контролата на синантропните и хемисинснтропните глодари односно намалување на бројноста на популацијата до ниво на биолошка толеранција е неопходност поради:

-Одржување на стабилна хигиено-епидемиолошка состојба-**заразените глодари се извор и преносители на голем број на заразни болести.**

-намалување на економските штети кои ги предизвикуваат во стопанството и домаќинствата.

**Епидемиологија**

Од сите видови цицачи глодарите се застапени со околу 40%. Постојат 33 фамилии, 481 родови и 2277 видови.

Род Rodentia – глодари има три фамилии. Од епидемиолошки интерес најзначајна е фам.Muridae – глувци, стаорци односно субфам.Murinae-глувци.
Во субфам.Murinae припаѓаат следните видови:

- Mus musculus – домашен глушец
- Apodemus agrarius – пругаст глушец
- Apodemus sylvaticus – шумски глушец
- Apodemus flavicollis – жолтогрлен глушец
- Rattus norvegicus – сив стаорец
- Mircomus minutes – џуџест глушец
- Rattus rattus – црн стаорец

Глувците и стаорците се секогаш во близина на луѓето и домашните животни и пренесувањето на патогените микроорганизми е секогаш можна и голема.

Патишта на пренос:

- Загадување на храната, водата (преку урина , плунка, измет)
- Контакт
- Алиментарен пат
- Воздух
- Инсекти кои се хранат со крв – (крлежи, комарци, болви, вошки итн.)
- Каснување

Способноста на штетните глодари да се прилагодуваат на секакви условни типови живеалишта, нивната деструктивност во местата каде што се присутни, големиот репродуктивен потенцијал и пренесувањето на причинителите на заразни болести ја наметнуваат потребата за нивно уништување.Кон крајот на 2014г почеток на 2015г. **беше прогласена епидемија на Tularemia** во Скопски приградски регион (Општина Арачиново - с.Арачиново, с.Мојанце, с.Грушино, с.Орланце), Лозово, Светиниколско итн. Во 2016 год. хеморагична треска е регистрирана во Пласница а во 2017 год.и во гостиварско с.Симница 5 регистрирани случаи. Секоја година се евидентираат поединечни случаеви на заразни болести предизвикани од глодари , но тие се епидемиолошки неповрзани. ***Тие ги пренесуваат и следниве заразни болест: Беснило (Rabies), Q-треска, Лајмска треска, Чума, Американска спиечка болест( Chagas), Салмонелоза, Бруцелоза, Амебијаза, Токсоплазмоза, Туберкулоза, ендемски пегав тифус и тн.***

**Активнсти на општината**

-Извршување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавна површина на територијата на Општина Кривогаштани како една од општите мерки за спречување и ставање под контрола на заразните болести ( Регулирано со законот за заштита на населението од заразни болести, “Сл.Весник на Република Македонија“ бр.66/24 како и законите за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести,Сл.весник на Р.М.' бр.139 од 2008 год,бр.99/2009 и бр.86/2011

**Подигнување на свеста на населението и постојана едукација** за нивната улога во борбата против глодарите (флаери, медиуми и друг начин на информирање)

Рок: во текот на годината

**Теренска проценка и санитација на околината**

Рок: во текот на годината

**Системска дератизација: (пролетна и есенска) на канализациониот систем**

Рок: пролетна-март/април

Есенска: октомври/ноември

**Информирање на граѓаните преку медиуми за почеток на акцијата**

Рок: најмалку 7 дена пред отпочнување на акцијата

**Активности на ЈЗУ Центар за јавно здравје Прилеп** како надлежна институција за територијата која ја покрива:

Активно учествува и дава стручно-методолошка помош во однос на точките 1,2,3 , 4, 5 и 6.

**Динамика на спроведување на дератизациониот процес:**

Канализациониот систем во секое населено место е главното живеалиште, место за опстанок и размножување на популацијата на штетни глодари. За дас е изврши квалитетно сузбивање дератизацијата се изведува два пати годишно (пролет/есен), во општина Кривогаштани има во четири населени места канализациона мрежа и тоа во Кривогаштани (120 шахти), Крушеани (35 шахти), Славеј (35 Шахти) и Бела Црква (30 шахти), Воѓани (10шахти) и во таа смисла дератизацијата е многу специфична и сите активности кои треба да се превземат во таа насока се поделени на:

1. Период на подготовки
2. Период на третирање
3. Период на контрола

**Во подготвителниот период**, со увидот во планот на канализационата мрежа на Општина Кривогаштани се утврдува.

- Должината и правецот на простирање на мрежата
- Бројот на шахти
- Видот и количината на родентицидните мамци, според градежно-техничките карактеристики и услови кои владеат во канализационите шахти
- Бројот на работните екипи, секоја составена од два санитарни техничари, квалификувани за таа мерка
- Воспоставување на соработка со вработените на ЈКП Пелагонија за нивно учество во отворањето на шахтите
- Доставување на информација до службите на општина Кривогаштани за сите превземени активности во овој период на подготовки, како и точниот термин за започнување на систематската дератизација.

**Во периодот на третирање или интензивна дератизација**, целата активност се базира на добиените податоци од подготвителниот период. Начинот, условите и динамиката на спроведената акција, зависи од степенот на инфестиција со штетните глодари, на целото подрачје на општина Кривогаштани.

- доставување до ЕЛС-Кривогаштани тековен оперативен план и програм
- сузбивањето и намалувањето на популацијата на штетните глодари се спроведува со поставување **хемиски препарати (родентициди)200г.** во шахта
- извршителот на дератизацијата треба да има Решение од Министерството за здравство на Р.М за регистрирана ДДД дејност
- за хемискиот препарат (родентицид) Решение од Министерство за здравство за пуштање во промет на препаратот како биоциден производ.

Контрола се спроведува 3 седмици по третирањето.

Финансирање: Буџет на ЕЛС Кривогаштани ставка 424 230
Вредност: 120.000 денари
Изработил: Одделение за комунални дејности и ЛЕР

Бр.08-240 /3
20.02.2026 година

Претседател на Совет на
